# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈУЛИ 2025 г.





**В. д. градоначалникот на Општина Кочани упати благодарност до сите учесници во гасењето на пожарот**

В. д. градоначалникот Венко Крстевски упатува јавна благодарност за пожртвуваноста и посветеноста на пожарникарите од Територијалната противпожарна едница – Кочани, доброволците од ДПД – Кочани и на сите поединци и институции што помогнаа во гасењето на пожарот што избувна од населбата Трајаново Трло и зафати голем дел од месноста Пресечена Скала.

– Им благодариме на ТППЕ – Виница, ТППЕ – Пробиштип, ТППЕ – Штип, ДПД – Виница, а особено на ЦУК за поддршката во гасењето на пожарот од воздух – истакнува Крстевски, додавајќи дека противпожарните служби заслужуваат максимална поддршка и врвна опременост.

– На дневниот ред на последната седница на Советот на Општина Кочани, во предложениот ребаланс на Буџетот беа предвидени средства за бонус плата за пожарникарите во 2023 година. Но, седницата беше прекината, а со тоа и можноста вработените во ТППЕ – Кочани да бидат исплатени. Во очекување тоа да го реализираме што поскоро, апелираме на внимателно однесување со огнот за да не бидат доведени во опасност животот и материјалните добра – повикува Крстевски.



**Амбасадорката на Хрватска во посета на Општина Кочани**

В. д. градоначалникот Венко Крстевски ја прими во официјална посета на Општина Кочани амбасадорката на Хрватска, Н. Е. Нивес Тигањ.

На средбата амбасадорката се интересираше за состојбата

| | |
|---|---|
|  | во Кочани по трагедијата, за семејствата на загинатите, лекувањето на повредените и за потребите од соодветна поддршка.<br><br>Амбасадорката Тигањ и в. д. градоначалникот Крстевски разговараа и за можностите за промоција на туристичките капацитети на Кочани, како и за промоција и извоз на кочанскиот ориз на хрватското крајбрежје.<br><br>За таа цел, на покана на амбасадорката и на градоначалникот на Скрадин, в. д. градоначалникот Крстевски, на 12 септември ќе присуствува на фестивал на рижотото во Хрватска, каде што директно ќе разговара со бизнис-секторот за пласман на кочанскиот ориз. |
| <br><br> | **Општина Кочани има аплицирано за мерката на Владата за ангажирање лица за превенција од пожари**<br><br>– Општина Кочани има аплицирано по повикот на Владата за активната мерка Јавни работи за заштита и превенција од пожари и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување) – формуларот е уредно испратен – соопшти в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски, по прес-конференцијата на Владата на која беше истакнато спротивното.<br><br>– Ја поздравувам оваа пилот-мерка на централната власт и очекувам дека Владата ќе одобри ангажман на 23 лица за превенција од пожари на територијата на Општина Кочани со ридско-планинскиот регион – додава Крстевски, истакнувајќи ја реалната потреба од вработување на нови 15 професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица – Кочани.<br><br>– Исто така ја користам можноста да потсетам дека Општина Кочани веќе пет месеци чека Министерството за финансии да даде согласност за нови вработувања во новата детската градинка „Детелинки“, за коишто се планирани финансии во буџетот. Ја повикувам Владата час поскоро да ја реши неизвесноста на над 200 родители чии деца се на листата на чекање за згрижување во новата кочанска градинка – потсетува Крстевски. |
|  | **Реконструирани улици во Кочани, Тркање и Прибачево**<br><br>Деновиве заврши реконструкцијата на неколку улици во Кочани и во населените места Тркање и Прибачево.<br><br>Реконструиран е дел од улицата „Мите Јорданов“ во селото Тркање, во должина од 200 м, ширина 3, 5 м, со |

| | |
|---|---|
| <br><br> | банкини од двете страни.<br><br>Рехабилитиран е и крак од улицата „Четврта македонска бригада“ во Кочани, во должина од 170 м, ширина 3 м.<br><br>Заврши реконструкцијата и на дел од улицата „Сребрен Димитров“ во Прибачево, должина 250 м, ширина 3 м.<br><br>Градежните работи ги изведе „Стоименов“, според договорот за асфалтирање улици во Општина Кочани, со средства обезбедени од општинскиот буџет во износ од 3.240.435 денари.<br><br>– По реконструкцијата на овие улици, наредната седмица очекуваме да почнат работите на улицата „Цар Самоил“ во Кочани, којашто е во исклучително лоша состојба. На следната седница на Советот, доколку се усвои ребалансот на Буџетот ќе бидат наменети средства за нови подобрувања во патната инфраструктура на локално ниво – најави в. д. градоначалникот Венко Крстевски. |
|  | **Владата одобри 20 лица од Кочани да бидат ангажирани во превенција од пожари**<br><br>Од побараните 23 лица во апликацијата што ја поднесе Општина Кочани во врска со активната мерка Јавни работи за заштита и превенција од пожари и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување), Владата одобри ангажирање на 20 пожарникари.<br><br>Наредниов период ќе започне постапката за ангажирање на лицата со распишување на јавен повик до невработени лица – активни баратели на работа.<br><br>Потребата од дополнителен број пожарникари дојде до израз и на неодамнешниот пожар во Кочани што се случи во месноста Пресечена Скала. |
|  | **Владата одобри средства за изградба на Дом за стари лица и за атмосферска канализација во Кочани**<br><br>Со средства од унгарскиот кредит на Владата, во Кочани ќе се градат Домот за стари лица и атмосферска канализација.<br><br>– Веднаш по стапувањето на функцијата в. д. градоначалник на Општина Кочани имав краток рок да одговорам на повикот на Владата за користење средства за капитални дотации. Во тој период од Општината беа подготвени 10 проекти за апликација, од кои дел беа заробени во нецелосна документација. Благодарение на |

| | |
|---|---|
| | ажурноста на општинските служби, успеавме да подготвиме нова апликација, со која му дадовме примат на Домот за стари лица, избирајќи го како капитален проект за Кочани. Од претходно подготвените проекти побаравме изведба на атмосферска канализација – објаснува в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски.<br><br>Со одлука на Владата за користење средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на социјалната политика, демографија и млади, објавена во „Службен весник“, за изградба на Дом за стари лица во Кочани се одобрени 199.845.159 денари, од кои за реализација во 2025 година – 35 милиони денари.<br><br>Владата со одлука одобри за 2025 година 4. 243.827 денари, од вкупниот одобрен износ од 62.530.446 денари за изградба на атмосферска канализациска мрежа во Кочани, северно од фабриката „Руен“ и изградба на неколку канализациски краци. |
| <br><br><br> | **Обраќање на в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски за претстојното одбележување на Петровден – Празникот на Кочани**<br><br>По реакциите на дел од граѓаните за програмските содржини по повод претстојниот Празник на градот – Петровден, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски упати писмено обраќање до јавноста.<br><br>Драги сограѓани,<br><br>Сите ја носиме болката од несреќата што нè погоди.<br><br>Но, време е да се собереме и не бегаме еден од друг!<br><br>По разговори со психолози, експерти за трауми и социјални работници, па и со луѓе од Шведска што поминале низ слична тага, нивните препораки се: дружбата, но и музиката ни се потребни за да заздравиме. Не зборуваме тука за големи забави, туку за моменти кога можеме заедно да слушаме музика, да се видиме со семејството и со пријателите што ретко ги среќаваме, да си дадеме сила еден на друг.<br><br>Младите се нашето утре. Им треба простор да зборуваат и да не се чувствуваат сами, но и немаме опција да дозволиме нивна дружба по другите градови и небезбедно враќање од таму.<br><br>Ова не значи дека го заборавaме минатото – туку дека ја прифаќаме болката и пробуваме да се бориме со неа заедно! |

Нашите мали бизниси во Кочани едвај врзуваат крај со крај. Нашите порти треба да ги отвориме за соседните градови и сите оние кои беа навикнати да пазаруваат овде и да ги поддржат нашите ресторани, мали и средни претпријатија. Секој настан, секоја средба е шанса да им помогнеме, но и да им дадеме сигнал на сите дека ПОРТИТЕ на КОЧАНИ се отворени.

За сите што сакаме да им оддадеме почит на тие што ги изгубивме, имаме комеморација во сабота и Планинарски петровденски марш в недела, за да покажеме дека сме заедно во големата загуба.

Да ги отвориме вратите на наше Кочани, да се собереме и да си дадеме поддршка! За нашите луѓе, за нашите млади, за нашиот град – заедно сме посилни!

Венко Крстевски
в. д. Градоначалник
на Општина Кочани





**Амбасадорот на Чешка во посета на Кочани**

В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски го прими во официјална посета амбасадорот на Чешка во Македонија, Н. Е. Јарослав Лудва.

Амбасадорот се интересираше за состојбата по трагедијата и начините за справување со последиците од неа. Посебен интерес покажа за функционирањето на Доброволното противпожарно друштво и Територијалната противпожарна единица, за нивната опременост и екипираност.

Во разговорите беше истакната можноста за набавка на дронови за ДПД и ТППЕ, коишто ќе бидат презентирани од фирми од Чешка.

Крстевски соопшти дека добриот глас за кочанскиот ориз во дипломатските кругови, отвора можност за негова промоција и пласман на пазарот во Чешка.



**Јавен повик за ангажирање 20 пожарникари**

Општина Кочани го објави јавниот повик за работно ангажирање 20 (дваесет) невработени лица за заштита и превенција од пожари и заштита и оплеменување на животната средина на локално ниво (пошумување).

Сите невработени лица евидентирани во АВРМ кои се заинтересирани да се вклучат во мерката Јавни работи за заштита и превенција од пожари и оплеменување на

| | |
|---|---|
| | животната средина на локално ниво (пошумување) можат да се пријават во Центарот за вработување – Кочани.<br><br>Работното ангажирање на невработените лица ќе биде реализирано за период до најмногу 5 (пет) месеци. За кандидатите што ќе бидат избрани и работно ангажирани се предвидува да им биде исплатен месечен износ од 24.000 денари со вклучено осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест и данок на личен доход. Средствата се обезбедени од Буџетот на АВРСМ – потсметка активни програми и мерки.<br><br>Целосниот јавен повик е објавен на веб-страницата на Општина Кочани. |
| <br><br> | **В. д. градоначалникот Венко Крстевски ги додели наградите на најуспешните ученици и школски екипи**<br><br>По повод Петровден, празникот на Кочани, в. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски ги награди првенците на генерацијата и најуспешните екипи и ученици од основните и средните општински училишта од Кочани.<br><br>Првенците на генерацијата: Надалина Грозданова (СОУ „Љупчо Сантов“), Драган Хаџи Василев (СОУ „Гошо Викентиев“), Матеа Глигорова (ОУ „Св. Кирил и Методиј“), Ели Глигоровска (ОУ „Никола Карев“), Лина Мицовска (ОУ „Крсте Мисирков“ – Оризари), Јана Станкова (ОУ „Раде Кратовче“), Елена Стоилкова (ОУ „Малина Попиванова“) и Ана Пејчева (ОМУ „Ристо Јуруков“) добија награда во износ од 15.000 денари.<br><br>Крстевски додели благодарници на менторите и парични награди на екипите и учениците што постигнаа највисоки резултати на државните натпревари во 2024/25 г. |
|  | **Петровденска литија во Кочани**<br><br>Во пресрет на Петровден, по вечерната празнична богослужба во црквата „Св. великомаченик Георгиј“, на која чиноначалствуваше митрополитот Брегалнички г. Иларион, беше организирана литија до Градскиот парк, која заврши со осветување и кршење на празничниот колач.<br><br>Упатените молитви за здравје и благосостојба беа придружени и со молитви за загинатите во пожарот во „Пулс“.<br><br>– Тие денеска од небото нѐ гледаат и се радуваат и |



присуствуваат на овој празник на врховните апостоли, коишто ни го проповедаа словото Божјо, апостоли коишто нè научија на вистинската вера, коишто нè утешија дека човекот не умира, а живее вечно со Христа, апостоли коишто ни го покажаа патот на вистината и на правдата, апостоли коишто ни покажаа дека секој човек е образ, подобие и икона Божја – рече во своето обраќање пред присутните митрополитот Брегалнички господин Иларион, посакувајќи здравје, мир, спокој, сплотеност, единство, љубов.





**Духовна академија по повод Петровден**

По повод Петровден, во дворот на црковниот храм „Свети великомаченик Георгиј“ се одржа Духовна академија посветена на светиот апостол Петар, патронот на Кочани.

Духовната академија започна со палење на 63 свеќи во чест на загинатите млади во пожарот на 16 март оваа година во Кочани, а митрополитот Брегалнички г. Иларион со свештенослужители одржа панихида за нив.

На настанот настапија Машкиот византиски хор „Св. Нектариј Битолски“ и Детскиот хор „Св. Стилијан“ од Битола, а актерот Благој Веселинов читаше извадоци од Светото писмо.





**Во сеќавање на загинатите во „Пулс“**

Во чест и незаборав на трагично прекинатите животи во несреќата во „Пулс“ во Кочани, во Центарот за култура „Бели мугри“ се одржа настанот „Во сеќавање на загинатите“.

Општина Кочани со поддршка од Општинската организација на Црвен крст – Кочани, оддаде почит на загинатите млади родум од Кочани, Оризари, Зрновци и Чешиново-Облешево, како и на возачот на Итната медицинска помош во Кочани, кој почина непосредно по извршувањето на работните обврски поврзани со трагедијата од 16 март 2025 г.

Во полната сала, низ стихови, фотографии и сеќавања на најблиските на загинатите беше искажана длабока почит и сочувство за огромната загуба. На присутните им се обрати претседателот на Друштвото на писатели на Македонија Живко Грозданоски, кој со цитати од книжевници говореше за смртта на ближните и животот на живите по неа. Настанот го водеше актерката Наталија Теодосиева.

| | |
|---|---|
|  | Младинци, блиски на покојните пуштија 63 бели балони со имиња на сите загинати во пожарот во „Пулс“. |
| <br> | **Петровденски планинарски марш до Раткова Скала**<br><br>На 13 јули, стотина планинари и вљубеници во природата учествуваа на планинарскиот марш до Раткова Скала.<br><br>Во организација на Планинарско-спортскиот клуб „Осогово“ од Кочани, учесниците на маршот појдоа од локалитетот Аеродром, пешачеа до обележана патека и се искачија на надморска висина од 1250 м. Патеката беше долга 12 км во двата правца.<br><br>На манастирот „Св. Василиј Велики“ организаторот приреди ручек и планинарска дружба.<br><br>Петровденскиот планинарски марш се организира по 18. пат како дел од општинската програма за одбележување на Петровден. |
|  | **Времен режим на сообраќајот на три улици во Кочани**<br><br>Поради градежни активности, во тек е времен режим на сообраќајот на дел од улиците „Цар Самоил“, „Гемиџии“ и „Тодосија Паунов“.<br><br>Временият режим на сообраќајот за „Цар Самоил“ се однесува за потегот од крстосницата со улицата „14 Бригада“ до крстосницата со улицата „Гоце Делчев“.<br><br>За улицата „Гемиџии“, времен режим на сообраќајот има на потегот од улицата „Маршал Тито“ (кај Поштата) до спојот со улицата „Димитар Влахов“ (кај Стришани).<br><br>Времен режим на сообраќајот на улицата „Тодосија Паунов“ има од источниот влез во градот до кружниот тек кај Центарот за вработување.<br><br>Заради безбедно движење, се повикуваат сите учесници во сообраќајот да ја почитуваат поставената сигнализација при градба и изградба. |

| | |
|---|---|
|  | **Се рехабилитира улицата „Цар Самоил“ со дел од улицата „Христијан Карпош“**<br><br>Започна рехабилитацијата на улицата „Цар Самоил“ во Кочани. Во тек е гребење на асфалтот на потегот од спојот со улицата „14 Бригада“ кон спојот со улицата „Гоце Делчев“.<br><br>Избраниот изведувач „Стоименов“ ќе работи на потег долг 600 м, со ширина 5 метри. Рехабилитација опфаќа и дел од улицата „Христијан Карпош“ во Кочани.<br><br>Средствата во износ од 3.558.467 денари се од Буџетот на Општина Кочани. |
| <br> | **Превентивни сообраќајни активности: Безбедно лето, вози одморен**<br><br>Општина Кочани со полициски службеници од ПО за БПС – Кочани и ОСБСП – Кочани, на експресниот пат Штип – Кочани спроведе превентивна активност на тема „Безбедно лето, вози одморен“.<br><br>Во непосредна комуникација со возачите на моторни возила се укажа на ризиците во летните денови, посебно при патувања на подолги дестинации и потребата да возат одморени затоа што при заморот паѓа концентрацијата, а високите температури се дополнителен ризик за возачите и причина за дефекти кај возилата.<br><br>На учесниците во сообраќајот им беше предочено да бидат внимателни и да ги почитуваат сообраќајните правила и прописи бидејќи во случај на сообраќајна незгода при удар може да дојде и до опожарување на возилото. На возачите им беше нагласено дека честопати несовесно го зголемуваат ризикот оставајќи запаливи предмети во возилото како што се запалки, дезодоранси, алкохолни спрејови и сл., кои во комбинација со високите температури може да предизвикаат експлозии или пожари.<br><br>При вакви екстремно високи температури, пред да се вклучи во сообраќај, посебно при подолги патувања, треба да се провери техничката исправност на возилото, вклучувајќи ја и електричната инсталација со препорака да се носи противпожарен апарат и прва помош, а доколку возачите почувствуваат непријатен мирис во возилото прописно да го запрат на безбедно место и да излезат од него. Најбезбедно е да се избегнува пушење на цигара во близина на возилото кое подолго време било на сонце и да не се фрла отпушок од цигарите надвор од возилата. Со зголемениот број возила во летниот период, како во градот така и кон туристичките места, превенцијата и свеста на возачите за можни опасности се клучни за безбедноста на |

| | |
|---|---|
| | сите учесници во сообраќајот.<br><br>Покрај сите препораки и мерки за безбедно патување, учесниците во сообраќајот беа потсетени за целосната забрана на движење во шума и потребата за зголемено внимание и превенција за предизвикување на пожари. |
|  | **До 25 август 2025 г. трае јавниот повик за доставување предлози за највисоките награди на Општина Кочани**<br><br>Одборот за доделување награди на Општина Кочани го објави јавниот повик за доставување предлози за доделување на двете највисоки општински награди: за значајни остварувања за развојот на општината Кочани и за животно дело.<br><br>Во периодот од 1 до 25 август, на адреса: Општина Кочани, ул. „Раде Кратовче“ бр. 1, може да се поднесат образложени предлози за двете награди.<br><br>Наградата за значајни остварувања за развојот на општината Кочани, се доделува на поединци, група творци, екипи, установи, трговски друштва и здруженија на граѓани.<br><br>Наградата за животно дело се доделува во случаи на исклучителни резултати и остварувања во областа на науката, иноваторството, уметноста, стопанството и во другите дејности од јавен интерес, по претходна оцена на Одборот за доделување награди на Општина Кочани.<br><br>Наградите се во форма на плакети. |
|  | **Општина Кочани и КЈП „Водовод“ добиваат швајцарска поддршка преку проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија“**<br><br>В. д. градоначалникот на Општина Кочани Венко Крстевски го потпиша договорот за техничка и финансиска поддршка во рамки на проектот „Отпорни и ефикасни комунални претпријатија во Северна Македонија“, кој се реализира во соработка на Владата на РС Македонија, застапувана од Министерството за животна средина и просторно планирање и Владата на Швајцарската Конфедерација, застапувана од Државниот секретаријат за економски прашања (SECO).<br><br>Целта на проектот е да ја зголеми отпорноста и ефикасноста на комуналните претпријатија за водоснабдување и отпадни води во услови на климатски промени, енергетски кризи и емиграција.<br><br>– Ова претставува важна поддршка од Владата на Швајцарија за продолжување на заедничките напори за |



унапредување на јавните комунални услуги во Кочани. Очекуваме со проектот да се подобрат оперативните и финансиските перформанси на кочанското комунално претпријатие, како и да се зајакне неговиот капацитет за енергетска ефикасност и за обновливи извори на енергија – истакна Крстевски по потпишувањето на договорот.

Вкупниот износ на овој проект е 7,5 милиони швајцарски франци, во кои Министерството за животна средина учествува со 800.000 франци. Финансиското учество на општините ќе биде определено според бројот на жителите. Средствата ќе бидат распределени на седумте општини вклучени во проектот, по изработувањето на анализите за идентификација и мерење на напредокот на клучните индикатори за успешност, поврзани со неприходовната вода, енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија.

По доставувањето на предложените мерки во техничката документација ќе биде финансиран пилот-проект.


**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**